TIKVEŠ

SINCE 1885

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
# ЗА ПЕРИОД 01.01.2020 - 30.06.2020

Во 2020 година во работењето на Винарската визба Тиквеш АД Кавадарци не се имплементирани промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Вкупните приходи забележаа намалување од 20%. Се оствари бруто добивка на износ од 183 мил. денари и оперативната добивка на износ од 26 мил.денари. Финансиските расходи се пониски за 50%. Се оствари нето добивката пред оданочување на износ од 19,8 мил. денари што претставува намалување за 63%.

Во 2020 година се остварија вложувања во материјални средства од 8,5 мил. денари.

Значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беше реализиран.

Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беа остварени.

Во делот на консолидираниот биланс на успех за првата половина на 2020 година, вкупните приходи забележаа намалување од 18%.
Се оствари бруто добивка на износ од 216 мил. денари, односно намалување од 20% и оперативната добивка на износ од 24 мил.денари. Се оствари нето добивката пред оданочување на износ од 16,3 мил. што претставува намалување за 66%.